АМСМ | ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА

# #Вработуваме

## ЗАМЕНИК ТЕХНИЧКИ РАКОВОДИТЕЛ НА ЛАБОРАТОРИЈА ЗА КАЛИБРАЦИЈА

**СКОПЈЕ - ЧАИР**




Доколку сте инженер кој сака да работи во средина што поттикнува професионален развој и усовршување, да учествува во развојот на акредитирана лабораторија согласно
**ISO/IEC 17025** и да се вклучи во различни технички активности поврзани со моторните возила, ве охрабруваме да аплицирате.

**Клучни работни обврски:**
- Го заменува техничкиот раководител на Лабораторијата за калибрација во негово отсуство
- Извршува калибрации во лабораторија и на терен
- Изработува техничка документација
- Учествува во планирањето и спроведувањето на работните активности, како и во следењето на нивната реализација
- Учествува во организацијата и координацијата на работата на лабораторијата и обезбедува примена на законските прописи, стандардите и интерните процедури
- Се грижи за исправноста, одржувањето и следливоста на мерната опрема согласно ISO/IEC 17025
- Дава стручна поддршка и се вклучува во други технички активности во рамките на Центарот за возила, поврзани со областа на моторните возила

**Потребни квалификации:**
- Високо образование – Машински факултет, Електротехнички факултет или Природно-математички факултет (насока математика или физика)
- Познавање на моторните возила и техничките системи на возилата
- Познавање на MS Office
- Познавање на англиски јазик
- Возачка дозвола – Б категорија
- Работно искуство во лаборатории за калибрација, технички преглед, сервисирање, мерења, испитувања или во друга сродна техничка област ќе се смета за предност

**Профил на кандидатот:**
- Организациски и координациски способности
- Аналитичност и внимание кон детали
- Самостојност и одговорност во работењето
- Подготвеност за практична работа и работа на терен
- Комуникациски способности и вештини за тимска работа
- Проактивност и желба за континуирано професионално усовршување

Доколку сакате да станете дел од нашиот тим, испратете кратка биографија (CV) и мотивациско писмо на **vrabotuvanje@amsm.com.mk**, со назнака: **„РАБОТА – Заменик технички раководител на Лабораторија за калибрација“**, најдоцна до **09.08.2026.**

Само кандидатите кои ќе влезат во потесниот избор ќе бидат контактирани.

**www.amsm.mk** **vrabotuvanje@amsm.com.mk**